# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 3** **Четврток, 8 Февруари 2018** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100 , e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2018" Демир Капија............*
2. *Одлука за определување месечен паричен надоместок на член во Комисија за утврдување правен статус на бесправен објект и овластен градежен инспектор............*
3. *Одлука за збратимување на Општина Демир Капија со Општина Пелплин, Р.Полска............*
4. *Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП БОШАВА Демир Капија............*
5. *Решение за давање согласност на годишната програма за работа и развој (со финансиски план) на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија за 2018 година............*
6. *Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на ЈКП БОШАВА Демир Капија............*
7. *Решение за давање Согласност на Одлука за надомест на трошоци............*
8. *Решение за изменување на Решението за разрешување и именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП Бошава Демир Капија............*
9. *Решение за давање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија бр.3/07 од 04.02.2006 година, Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот бр.02-40/2 од 14.05.2009 година............*
10. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2017 година............*
11. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2018 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија............*
12. *Заклучок............*
13. *Заклучок............*
14. *Заклучок............*
15. *Заклучок............*
16. *Решение за одобрување финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево............*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2018" Демир Капија**

Се објавува Одлука за одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2018" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/1
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2018" Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија ја ОДОБРУВА Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2018" Демир Капија.

**Член 2**

За реализирање на Програмата се одобруваат финансиски средства во висина од **750.000,00 (седумстоипедесетилјади) денари,** кои средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија.

**Член 3**

Програмата од член 1 е составен дел од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/3
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за определување месечен паричен надоместок на член во Комисија за утврдување правен статус на бесправен објект и овластен градежен инспектор**

Се објавува Одлука за определување месечен паричен надоместок на член во Комисија за утврдување правен статус на бесправен објект и овластен градежен инспектор, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/2
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), Советот на Општина Демир Капија на VI седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
За определување месечен паричен надоместок на член во Комисија за утврдување правен статус на бесправен објект и овластен градежен инспектор

**Член 1**

Општина Демир Капија врз основа на склучен Договор за меѓуопштинска соработка користи услуги од Општина Кавадарци од областа на урбанизмот и тоа: користење услуги од градежен инженер како член во Комисија за утврдување правен статус на бесправен објект и услуги од градежен инспектор.

**Член 2**

На членот на Комисијата за утврдување правен статус на бесправен објект **ДИМИТАР ПОПОВСКИ, дипл.град.инж. вработен во Општина Кавадарци** му се определува месечен паричен надоместок во нето износ од 3.000 денари.

Комисијата ја утврдува фактичката состојба на самото место и составува записник за извршен увид на самото место со технички податоци за бесправниот објект и фотографии од истиот.

Месечниот надоместок на членот се исплатува за извршен увид на лице место во тековниот месец по предмети за утврдување правен статус на бесправен објект.

Месечниот надоместок не се исплатува доколку нема ниту еден извршен увид во тековниот месец.

**Член 3**

На овластениот градежен инспектор **ЛИДИЈА ЧУЛЕВА КОСТОВСКА, дипл.инж.арх., вработена во Општина Кавадарци** му се определува месечен паричен надоместок во износ нето од 3.000 денари.

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија и други работи согласно Законот за градење.

Месечниот надоместок на инспекторот се исплатува за извршен надзор и други работи во тековниот месец.

Месечниот надоместок не се исплатува доколку нема ниту еден извршен надзор или друга работа во тековниот месец.

**Член 4**

На крајот на месецот лицата изготвуваат Извештај за нивната ангажираност до Градоначалникот заради одобрување на исплата и се доставува во сметководство за исплата.

Средствата за исплата се обезбедуваат од Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 5**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08-152/4<br>05.02.2018 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на Општина Демир Капија,<br>Ивана Лазова с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за збратимување на Општина Демир Капија со Општина Пелплин, Р.Полска**

Се објавува Одлука за збратимување на Општина Демир Капија со Општина Пелплин, Р.Полска, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

| | |
|---|---|
| Број 09-176/3<br>08.02.2018 година<br>Демир Капија | Градоначалник на Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на VI седница одржана на 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за збратимување на Општина Демир Капија со Општина Пелплин, Р.Полска**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Демир Капија,Република Македонија, се збратимува со Општина Пелплин, Република Полска.

**Член 2**

Се воспоставуваат релации на соработка со Општина Пелплин, Р.Полска во областа на културата, образованието, туризмот, спортот и младите, работата и соработката на граѓански организации и локален економски развој во надлежност на

општините, во интерес на граѓаните на двете општини.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука и одлуката на Општина Пелплин,Р.Полска, Градоначалникот на Општина Демир Капија и Градоначалникот на Општина Пелплин ќе потпишат Договор за збратимување и взаемна соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08-152/5
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП БОШАВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/4
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14,138/14, 25/15, 61/15 и 39/2016), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутарна одлука за измена на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија бр.02-74/8 од 25.01.2018 година, донесена од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 25.01.2018 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/6
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на годишната програма за работа и развој (со финансиски план) на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија за 2018 година**

Се објавува Решение за давање согласност на годишната програма за работа и развој (со финансиски план) на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија за 2018 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/5
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните

претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Советот на општина Демир Капија на VI седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на годишната програма за работа и развој (со финансиски план) на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија за 2018 година**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Годишната програма за работа и развој (со финансиски план) на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија за 2018 година, усвоена од Управниот одбор на ЈКП Бошава Демир Капија на седницата одржана на ден 25.01.2018 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/7
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на ЈКП БОШАВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/6
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2018 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ЈКП БОШАВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/8
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Одлука за надомест на трошоци**

Се објавува Решение за давање Согласност на Одлука за надомест на трошоци, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/7
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Одлука за надомест на трошоци**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за надомест на трошоци за присуство на седница на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија бр.02-74/10 од 25.01.2018 година, донесена од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 25.01.2018 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/9
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за изменување на Решението за разрешување и именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП Бошава Демир Капија**

Се објавува Решение за изменување на Решението за разрешување и именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП Бошава Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/8
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/2002), и член 26 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ" бр. 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), Советот на Општина Демир Капија на VI (шестата) седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
За изменување на Решението за разрешување и именување на членови во надзорниот одбор за контрола на материјлно-финансиското работење на ЈКП Бошава Демир Капија

**1.** Од членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП“Бошава од Демир Капија, по сопствено барање се разрешуваат:
- **Слободан Атанасов**
- **Цветко Јошевски**
- **Живко Пејковски**

**2.** Во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП“Бошава од Демир Капија, со мандат од 4 години се именуваат:

- **Ленча Недева,** дипл. економист
- **Соња Симонова**, дипл. економист
- **Борче Ставров**, дипл. економист

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во

"Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08-152/10
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија бр.3/07 од 04.02.2006 година, Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот бр.02-40/2 од 14.05.2009 година**

Се објавува Решение за давање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија бр.3/07 од 04.02.2006 година, Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот бр.02-40/2 од 14.05.2009 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/9
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 25, 37 и 38 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија бр.3/07 од 04.02.2006 година, Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот бр.02-40/2 од 14.05.2009 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија бр.3/07 од 04.02.2006 година, Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот бр.02-40/2 од 14.05.2009 година заведена под бр.02-18/2 од 30.01.2018 година, донесена од Управниот одбор на установата на седницата одржана на 30.01.2018 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/11
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2017 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2017 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/10
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), Советот на Општина Демир Капија на VI седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2017 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Годишниот извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2017 година, усвоен од Управниот одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија на седница одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/12
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2018 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2018 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/11
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ" бр. 27/14,199/14,27/16), Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2018 година на ООУ "Димче А.Габерот"Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2018 година на Општинското основно училиште "Димче А.Габерот" Демир Капија, бр.01-55/1 од 02.02.2018 година, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2018 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ООУ "Димче А.Габерот"Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/13
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучок, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/12
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа

("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), расправајќи по приговор од ЕВН Македонија АД Скопје бр.08-111/1 од 25.01.2018 година, Советот на општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**1.** СЕ ПРИФАЌА иницијативата од ЕВН Македонија АД Скопје за поведување постапка за одземање на правото на користење на КП бр.217/2 м.в Чуканјца, на ЈПСШ Македонски Шуми ПО Скопје подружница ШС Демир Капија-Демир Капија.

**2.** Со донесувањето на овој Заклучок престанува да важи Заклучок бр.08-800/4 од 15.12.2017 година.

**3.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/14
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучок, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/13
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), постапувајќи по барањето на Ѓурѓица Петкова од Демир Капија бр.08-143/1 од 01.02.2018 година, Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се препорачува Градоначалникот согласно можностите во соработка со други установи, институции и правни лица да изнајде начини и да поттикне организирање на хуманитарни акции и активности заради прибирање на финансиски средства потребни за лекување (итна операција) на Илија Петков од Демир Капија.

2. За прибраните средства да се даде информација до Советот на Општина Демир Капија.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08-152/15
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучок, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/14
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), постапувајќи по барањето на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница бр.08-112/1 од 25.01.2018

година, Советот Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ ЗАДОЛЖУВА Градоначалникот во соработка со Месна заедница с.Корешница да обезбеди машина за расчистување на фудбалското игралиште во с.Корешница од камења и друг материјал.

2. Да се даде информација до Советот на Општина Демир Капија дали е постапено по задолжението.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08-152/16
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок**

Се објавува Заклучок, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/15
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), и член 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето на Спасијка Павловиќ од с.Корешница бр.08-74/1 од 17.01.2018 година, Советот на општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**1.** Советот на Општина Демир Капија го разгледа барањето за одобрување на еднократна парична помош и од увидот во доставената документација констатира дека барањето не е комплетно согласно утврдените критериуми од Правилникот односно има доставено само барање и копија од лична карта и трансакциона сметка.

**2.** Согласно Правилникот еднократна парична помош се доделува врз основа на доставено барање поткрепено со соодветна документација за следните работи: лекување во земјата и странство, елементарна непогода.

Поради тоа потребно е барателот да го дополни барањето со потребна документација (медицинска документација или документација од надлежен орган).

**3.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08-152/17
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево, што Советот на Општина

Демир Капија го донесе на седницата одржана на 05.02.2018 година.

Број 09-176/16
08.02.2018 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), постапувајќи по барањето на Црковниот Одбор на Црква “Св.Атанасие“ во село Прждево бр.08-97/1 од 23.01.2018 година, Советот на Општина Демир Капија на VI-та седница одржана на ден 05.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на Црковен одбор на Црква “Св.Атанасие“ с. Прждево**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на Црковниот Одбор на Црква “Св.Атанасие“ во село Прждево, заради санација на кровот на црквата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2018 година на жиро сметката наведена во барањето.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08-152/18
05.02.2018 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Ивана Лазова с.р.

---